# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток 01 Февруари 2019 година Број 1/2019 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2019/2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2019/2020 година, бр. 08-244/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година

Бр. 09-244/2
01 Февруари 2019 г.
Радовиш

Градоначалник на
Општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 31.01.2019 г., донесе

ОДЛУКА
За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2019/2020 година

I. Се прифаќа Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2019/2020 година, согласно согласно одлуката на Наставничкиот совет бр.08-41/3 од 22.01.2019 година, која е составен дел на оваа одлука и наш број 14-111/9 од 01.23.2019 година.

II.Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-244/1
31 Јануари 2018 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за избор на најдобар спортист, тренер и спортски работник во Радовиш за 2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката избор на најдобар спортист, тренер и спортски работник во Радовиш за 2018 година, бр. 08-245/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година

Бр. 09-245/2
01 Февруари 2019 г.
Радовиш

Градоначалник на
Општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 31.01.2019 г., донесе

ОДЛУКА
за Избор на најдобар спортист, тренер и спортски работник во Радовиш за 2018 година

Член 1

I. За спортисти на годината се прогласуваат:
Александар Стојанов - БК „Бучим„ -категорија сениори
II. Мирко Василев -Маи Таи Комбат -категорија Јуниори
III 1.Стефан Димитров - БК „Бучим„ Радовиш - категорија Кадети
2.Магдалена Трајчева - Џудо клуб „Сенсеи„
IV. Благица Лазарова -ТК АС Радовиш -категорија пионери
V. Ана Ристова - ЏК „Сенсеи„ Радовиш -категорија помлад пионер
VI. УСК „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш - за училишна спортска екипна
VII.Горан Атанасов - БК „Бучим„ Радовиш -за Спортски тренер на годината
VIII. Симеон Џеков - за развој на училишен спорт
IX. Барбара Аврамова - за спортска надеж

X . Митко Ашкилов - Маи Таи Комбат - за континуирани успеси

XI. 1. Илија Трајанов - за посебно спортско достигнување

2. Зорица Јованова - за посебно спортско достигнување

XII. Миланчо Гинов - за рекреативец на годината

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш ".

Бр. 08-245/1 Совет на општина Радовиш
31 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Радовиш, бр. 08-246/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година.

Бр. 09-246/2 Градоначалник на
01 Февруари 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 122 од Статутот на општина Радовиш (Службен весник на РМ бр.5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 31.01.2019 година, донесе

ОДЛУКА
За пристапување кон измени и дополнување
на Статутот на општина Радовиш

Член 1

Се пристапува кон измена и дополнување на Статутот на општина Радовиш.

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Радовиш и вработени во општинската администрација во рок од 3 (три) месеци да изготват предлог измени и дополнувања на Статутот на општина Радовиш.

Во предлог-измените и дополнувања да се внесат :

-донесените Статутарни одлуки кои се применуваат;

-донесени одлуки кои можат да влијаат врз содржината на Статутот;

-усогласување на надлежности согласно важечката законска регулатива;

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-246/1 Совет на општина Радовиш
31 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Деловникот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Деловникот на општина Радовиш, бр. 08-247/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година.

Бр. 09-247/2 Градоначалник на
01 Февруари 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 2 , член 53 и 54 од Статутот на општина Радовиш (Службен весник на РМ бр.5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 31.01.2019 година, донесе

ОДЛУКА
За пристапување кон измени и дополнување
на Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш

Член 1

Се пристапува кон измена и дополнување на Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш.

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Радовиш и вработени во општинската администрација во рок од 3 (три) месеци да изготват предлог измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-247/1 Совет на општина Радовиш
31 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измени на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измени на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 г., бр. 08-248/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година.

Бр. 09-248/2 Градоначалник на
01 Февруари 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и 4/19), Советот на општина Радовиш, на 24 (дваесет и четвртата) седница одржана на 31. 01. 2019 година, донесе

ИЗМЕНА на ОДЛУКАТА
за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година

Член 1
Вредноста на бодот за пресметување na платите на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77.24 денари,а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81.10 денари.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2019 година.

Бр. 08-248/1 Совет на општина Радовиш
31 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година. Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општината се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот. Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за пристапување кон измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2019 година, бр. 08-249/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година.

Бр. 09-249/2 Градоначалник на
01 Февруари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11 ,192/15 , 209/18) и член 43 од Статутот на Општина Радовиш (“Службен гласник на Општина Радовиш број 5/2002), Советот на Општина Радовиш на 24 (дваесет и четвртат) седница одржана на 31.01.2019 година, донесе:

О Д Л У К А
За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2019 година

Член 1
Член 9 се менува и гласи:

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината, а вредноста на коефициентот за плата се утврдува согласно законските прописи. Вредноста на коефициентот за платата на избрани и именувани лица во Републиката, изнесува 26.755,00 денари.
- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на

вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- за вработени кои немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто плата за периодот од 01.01 до 31.08.2019 година изнесува 115,5582 денари, а за пожарникарите 168.50 денари со што се врши нивелација на платите поради ефектот од Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување(Службен весник на Република Македонија број 247/18). додека за периодот од 01.09 до 31.12.2019 година вредноста на бодот ке изнесува 121.336 односно 176.93 денари.

Член 2

Оваа измена на Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Радовиш", а ќе се применува од 01 Јануари 2019 година.

Бр. 08-249/2 Совет на општина Радовиш
31 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-250 /1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2019 година

Бр. 09-250/2 Градоначалник на
01 Февруари 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 31.01.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на **31.01.2019** година и тоа:

-Комисија за образование, спорт и култура, 16-та седница одржана на 10.12.2018 година и 17-та седница одржана на 30.01.2019 година;

-Комисија за статут и прописи, 9-та седница одржана на 29.01.2019 год.

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-250/2 Совет на општина Радовиш
31 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

## ИСПРАВКА
На акти кои се објавени во „Сл.гласник на општина Радовиш„ број 12/18;

Се врши исправка во:

1.Решение за прогласување на Одлука број 09-1375/2 од 30.08.2018 година;
2.Одлука број 08-1375/1 од 29.08.2018 година;
3.Решение за прогласување на Одлука број 09-1376/2 од 30.08.2018 година;
4.Одлука број 08-1376/1 од 29.08.2018 година;
каде во член 4 во двете одлуки наместо зборот „Конче„ треба да стои зборот **„Радовиш„;**

## ИСПРАВКА
На акти кои се објавени во „Сл.гласник на општина Радовиш„ број 18/18;

Се врши исправка во:

1.Решение за прогласување на Одлука број 09-2014/2 од 31.12.2018 година;
2.Одлука број 08-2014/1 од 26.12.2018 година;
3.Решение за прогласување на Одлука број 08-2015/1 од 31.12.2018 година ;
4.Одлука број 08-2015/1 од 26.12.2018 година;
каде во целиот текст наместо зборот „вклопување„ треба да стои зборот **„потврдување„;**

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2019/2020 година ----- 1
ОДЛУКА За прифаќање на Планот за запишување на ученици во И година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2019/2020 година ---------------------------------------------------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за избор на најдобар спортист, тренер и спортски работник во Радовиш за 2018 година ---------------------------------------------------------------------------------- 1
ОДЛУКА за Избор на најдобар спортист, тренер и спортски работник во Радовиш за 2018 година ------------------------------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Радовиш ---------------------------------------------------------------------------- 2
ОДЛУКА За пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Радовиш ----------------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Деловникот на општина Радовиш ---------------------------------------------------------------- 2
ОДЛУКА За пристапување кон измени и дополнување на Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш -------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измени на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година --------------------------------------- 3
ИЗМЕНА на ОДЛУКАТА за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година --------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2019 година ---------------------------------------------------------------------- 3
ОДЛУКА За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2019 година ------------------------------------------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ------------------------------------------------------------------ 4
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш --------------------------------------------- 4
ИСПРАВКА На акти кои се објавени во „Сл.гласник на општина Радовиш„ број 12/18;
ИСПРАВКА На акти кои се објавени во „Сл.гласник на општина Радовиш„ број 18/18; ------------------------------------------------------------ 4